КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
АД СКОПЈЕ
Бр. 02-100-200-99
27.01. 2011 год.
СКОПЈЕ

**КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ**
***Кеј "Димитар Влахов" бр. 4,1000 Скопје***

Врз основа на Решението од Комисијата за хартии од вредност број УП1 07-4 од 27.01.2011 година, Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со емисија на обични акции по пат на јавна понуда - VI-та (шеста) емисија број 02-1600-1 од 11.01.2011 година

О Б Ј А В У В А

# П Р О С П Е К Т

## *За зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје по пат на јавна понуда – VI-та (шеста) емисија*

"Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за запишување и уплата на хартии од вредност, ниту за способноста на издавачот на хартиите од вредност да ги исполни обврските од хартиите од вредност кои ги издава."

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ

комерцијална банка ад скопје


1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА 4

1.1. ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ОДГОВОРНИ ЗА ИНФОРМАЦИИТЕ СОДРЖАНИ ВО ПРОСПЕКТОТ 4

1.2. ИЗЈАВА ОД СИТЕ ГОРЕНАВЕДЕНИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА 4

2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ 5

3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ 5

3.1. НАЗИВ И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВАТА ЗА РЕВИЗИЈА КОИ ВРШЕЛЕ РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ДРУШТВОТО ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ 5

3.2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИЧИНИТЕ ПОРАДИ КОИ ДОШЛО ДО ПРОМЕНА НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ 5

4. ФАКТОРИ НА РИЗИК 5

4.1. ПОДАТОЦИ ЗА ФАКТОРИТЕ НА РИЗИК СПЕЦИФИЧНИ ЗА ИЗДАВАЧОТ И ЗА ИНДУСТРИСКАТА ГРАНКА НА КОЈА Ѝ ПРИПАЃА 5

4.2. ПОДАТОЦИ ЗА ФАКТОРИ НА РИЗИК КОИ СЕ ОД МАТЕРИЈАЛНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА АКЦИИТЕ КОИ СЕ ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА СО ЦЕЛ ДА СЕ ПРОЦЕНИ ПАЗАРНИОТ РИЗИК ПОВРЗАН СО ТИЕ АКЦИИ 6

5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ 10

5.1. ПОДАТОЦИ ЗА ИСТОРИЈАТА И РАЗВОЈОТ НА ИЗДАВАЧОТ 10

6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД 12

6.1. ОСНОВНИ ДЕЈНОСТИ 12

6.2. ПАЗАРИ НА КОИ ИЗДАВАЧОТ РАБОТИ 16

7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА 17

7.1. ДОКОЛКУ ИЗДАВАЧОТ Е ДЕЛ ОД ГРУПА (ПОСЛОЖЕН ДЕЛОВЕН СИСТЕМ), КРАТОК ОПИС НА ПОЗИЦИЈАТА НА ИЗДАВАЧОТ ВО ТАА ГРУПА 17

8. ТРЕНДОВИ 18

9. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ - *ОПЦИОНО* 19

10. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ 20

10.4. СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ПОМЕЃУ ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ИЗДАВАЧОТ 51

11. ВРАБОТЕНИ 52

11.1. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА НА КРАЈОТ ОД СЕКОЈА ГОДИНА ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ И ПРОМЕНЕТАТА СОСТОЈБА ДО ДЕНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ И ПОДАТОК ЗА ГЕОГРАФСКАТА РАСПОРЕДЕНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ 52

12. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ 53

12.1. СОГЛАСНО СОЗНАНИЈАТА НА ИЗДАВАЧОТ, ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА (ОСВЕН ЗА ОНИЕ КОИ СЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ, ОДНОСНО УПРАВНИОТ И НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ИЗДАВАЧОТ) КОИ ЗАЕДНО СО ПОВРЗАНИТЕ ЛИЦА, ДИРЕКТНО ИЛИ ИНДИРЕКТНО, ПОСЕДУВААТ ПОВЕЌЕ ОД 5% ОД БИЛО КОЈ РОД ИЛИ КЛАСА НА АКЦИИ ИЗДАДЕНИ ОД ИЗДАВАЧОТ, ЗАЕДНО СО ВИСИНАТА НА ТОА УЧЕСТВО (АПСОЛУТНА ВРЕДНОСТ И РЕЛАТИВНА ВРЕДНОСТ ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА НА ИЗДАВАЧОТ И ВО ОДНОС НА ГЛАСАЧКАТА СТРУКТУРА НА

ИЗДАВАЧОТ). АКО НЕМА ТАКВИ ЛИЦА ИЛИ АКО НЕМА СОЗНАНИЈА ЗА ТАКВИ ЛИЦА, ДА СЕ ДАДЕ СООДВЕТНА НЕГАТИВНА ИЗЈАВА 53

12.2. ОПИС НА БИЛО КАКВИ ДОГОВОРИ ИЛИ ДРУГИ АКТИ ПОЗНАТИ ЗА ИЗДАВАЧОТ, ЧИЈА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОПРЕДЕЛЕН ДАТУМ МОЖЕ ДА ДОВЕДЕ ДО ПРОМЕНА НА КОНТРОЛАТА КАЈ ИЗДАВАЧОТ 53

**13. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ 54**

13.1. ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ 54

13.2. РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ 54

13.3. ПЕРИОДИЧНИ И ДРУГИ ФИНАНСИСКИ ИНФОРМАЦИИ 55

13.4. ДИВИДЕНДНА ПОЛИТИКА 56

13.5. ПРАВНИ ПОСТАПКИ 57

13.6. ЗНАЧАЈНИ ПРОМЕНИ ВО ФИНАНСИСКАТА ИЛИ ТРГОВСКАТА ПОЛОЖБА НА ИЗДАВАЧОТ 57

**14. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ 58**

14.1. ПОДАТОЦИ ЗА КАПИТАЛОТ НА ИЗДАВАЧОТ 58

14.2. РЕЛАТИВНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ НА ДЕНОТ НА ПОСЛЕДНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ПРЕЗЕНТИРАНИ ВО ПРОСПЕКТОТ И ПОСЛЕДНИОТ КВАРТАЛ ДО ДЕНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПРОСПЕКТОТ 62

14.3. ВКУПЕН ПЛАТЕН ПРОМЕТ СПРЕМА СТРАНСТВО ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА И ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА 65

14.4. ДВИЖЕЊЕ НА ЛИКВИДНОСТА: ПОКРИЕНОСТ НА ОБВРСКИТЕ НА БАНКАТА СО ВИСОКО ЛИКВИДНА АКТИВА (ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД НБРМ И ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА) 65

14.5. СТАТУТ НА ИЗДАВАЧОТ И ОСНОВАЧКИ АКТИ 66

**15. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ 71**

**16. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС 71**

16.1. КОГА ВО ПРОСПЕКТОТ Е ВКЛУЧЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ТРЕТО ЛИЦЕ-ЕКСПЕРТ, ДА СЕ НАВЕДАТ ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ЛИЦЕ И ТОА: ИМЕ И ПРЕЗИМЕ, ДЕЛОВНА АДРЕСА, КВАЛИФИКАЦИИ И ПОДАТОК ДАЛИ ЛИЦЕТО ИМА МАТЕРИЈАЛЕН ИНТЕРЕС КАЈ ИЗДАВАЧОТ. ПОДАТОК ВО КОЈ КОНТЕКСТ И ВО КОЈА ФОРМА СЕ УПОТРЕБУВА ИЗВЕШТАЈОТ НА ТОА ЛИЦЕ И СОГЛАСНОСТ ОД ЛИЦЕТО КОЕ ЈА ПОТВРДИЛО СОДРЖИНАТА НА ТОЈ ДЕЛ ОД ПРОСПЕКТОТ 71

16.2. КОГА ИЗВОР НА ОПРЕДЕЛЕНА ИНФОРМАЦИЈА Е НЕКОЕ ТРЕТО ЛИЦЕ, ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ ПОТВРДА ДЕКА ТАА ИНФОРМАЦИЈА Е ТОЧНО И ПРЕЦИЗНО РЕПРОДУЦИРАНА И ДЕКА СОГЛАСНО МОЖНОСТИТЕ И СОЗНАНИЈАТА НА ИЗДАВАЧОТ НЕ Е ПРИКРИЕН НИТУ ЕДЕН ФАКТ КОЈ БИ ГИ НАПРАВИЛ РЕПРОДУЦИРАНИТЕ ИНФОРМАЦИИ НЕЦЕЛОСНИ ИЛИ НЕТОЧНИ. ДА СЕ НАВЕДЕ ИЗВОРОТ НА ИНФОРМАЦИИИТЕ 71

**17. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 72**

17.1. ПРИЧИНИ ЗА ПОНУДАТА И НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА ШТО ЌЕ СЕ ПРИБЕРАТ СО ПОНУДАТА 72

**17.2.** ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ 74

**17.3.** ПОДАТОЦИ ЗА СОПСТВЕНИЧКИТЕ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ 77

**18. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА 79**

**18.1.** ЦЕНА НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ 79

**18.2.** УСЛОВИ, РОКОВИ И ПОТРЕБНИ ДЕЈСТВИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА УТВРДЕНИ СОГЛАСНО ПРАВИЛАТА НА ОВЛАСТЕНА БЕРЗА, ПРЕКУ КОЈА ЌЕ СЕ ВРШИ ЗАПИШУВАЊЕТО НА ЈАВНО ПОНУДЕНИТЕ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, СО КОЈА ИЗДАВАЧОТ ЗА ТОА СКЛУЧИЛ ДОГОВОР И ПРАВИЛАТА НА ОВЛАСТЕН ДЕПОЗИТАР КАДЕ СЕ РЕГИСТРИРАНИ ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА ИЗДАВАЧОТ 79

**18.3.** ПЛАСМАН НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ 86

**19. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА 89**

**20. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ 89**

**21. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ 89**

**21.1.** ИЗЈАВА ЗА ДОСТАПНОСТ НА ДОКУМЕНТИТЕ 89

**21.2.** ПОДАТОК ЗА МЕСТОТО КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ УВИД ВО ДОКУМЕНТИТЕ 90

## ПРИЛОЗИ:

**Прилог бр.1**: Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2007 година изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување;

**Прилог бр.2**: Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2008 година изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување;

**Прилог бр.3**: Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за 2009 година изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување;

**Прилог бр.4**: Нервидирани финансиски извештаи за 30.06.2010 година;

**Прилог бр.5**: Нервидиран Биланс на успех со Коментар за 30.09.2010 година;

**Прилог бр.6**: Програма на мерки и активности на деловната политика и финансиски план на Комерцијална банка АД Скопје за 2010 година и

**Прилог бр.7**: Развоен план на Комерцијална банка АД Скопје со финансиски проекции за периодот 2010-2014 година.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

# 1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА

## 1.1. Податоци за лицата одговорни за информациите содржани во Проспектот

Членови на Управниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје:

1. Хари Костов – Главен извршен директор
2. Илија Илоски – Главен оперативен директор
3. Маја Стевкова Штериева – Главен финансов директор

Членови на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје:

1. Сава Димитрова – Претседател
2. Таки Фити – Заменик претседател
3. Звоне Тањат – Член
4. Кијоши Нишимура – Член
5. Алеко Ангеловски – Независен член
6. Симон Наумоски – Независен член

## 1.2. Изјава од сите горенаведени одговорни лица

„Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на Друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата."

**Членови на Управен одбор:**

Хари Костов
– Главен извршен директор

Илија Илоски
– Главен оперативен директор

Маја Стевкова Штериева
– Главен финансов директор

**Членови на Надзорен одбор:**

Сава Димитрова
– Претседател

Таки Фити
– Заменик претседател

Звоне Тањат
– Член

Кијоши Нишимура
– Член

西村深 西村深

Алеко Ангеловски
– Независен член

Симон Наумоски
– Независен член

## 2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ

Комерцијална банка АД Скопје,
Кеј "Димитар Влахов" бр. 4, 1000 Скопје, Р. Македонија
(во понатамошниот текст: Банката или издавачот).

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ

### 3.1. Назив и седиште на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години

Друштвото PricewaterhouseCoopers РЕВИЗИЈА ДОО, бул. Октомвриска револуција бб. Хипериум бизнис центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Македонија ја изврши ревизијата на финансиските извештаи за 2007, 2008 и 2009 година.

### 3.2. Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години

Во последните три години не е извршена промена на друштвото за ревизија.

## 4. ФАКТОРИ НА РИЗИК

### 4.1. Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која ѝ припаѓа

Во своето работење Банката е изложена на најразлични ризици, поради што основна цел на Банката е адекватно управување со истите. Напорите да се одржи адекватна рамнотежа помеѓу прифатливо ниво на ризик, од една, и стабилност и профитабилност во работењето, од друга страна, се постојани.

Најзначајни видови на ризици за Банката се:

- кредитен ризик (ризик дека комитентот нема да биде во можност делумно или во целост да ги подмири обврските во рок кога тие доспеваат);
- ризик на ликвидност;

- пазарни ризици и тоа:
  - ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности;
  - валутен ризик;
  - останати пазарни ризици;
  - оперативен ризик (го вклучува и правниот ризик).

Исто така, Банката ги следи и репутацискиот и стратегискиот ризик.

Според политиките на Банката за управување со ризикот, кои вклучуваат сет соодветни лимити и контроли на ризикот, се идентификуваат одредени ризици, постојано се врши мониторинг на постоечките ризици, како и секојдневна анализа на истите.

Може да се каже дека горенаведените видови ризици се карактеристични за целиот банкарски систем во Република Македонија.

Преку сет на политики и други интерни акти Комерцијална банка АД Скопје настојува да оствари успешно управување со споменатите ризици и ограничување на ризичната изложеност.

## 4.2. Податоци за фактори на ризик кои се од материјално значење за акциите кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие акции

### 4.2.1. Кредитен ризик

*Кредитен ризик од аспект на банката како кредитодавател* – претставува ризик од загуба за банката, поради неможноста клиентот да ги изнирува своите обврски во договорениот износ или договорените рокови.

Во рамките на процесот на управување со кредитен ризик согласно законската регулатива на НБРМ и интерните акти, Банката врши класификација на активните билансни и вонбилансни ставки според степенот на ризичност и утврдува висина и износ на исправка на вредност и на посебна резерва заради оштетување на финансиските средства.

Изложеноста на Банката на кредитен ризик на 31.12.2009 изнесува 63.544.366 илјади денари за која е издвоена исправката на вредност според кредитен ризик во висина од 4.697.016 илјади денари и на 30.09.2010 изложеноста на

кредитен ризик изнесува 75.044.990 илјади денари за која е издвоена исправка на вредност заради оштетување во висина од 5.188.334 илјади денари.

За целите на заштита на изложеноста на кредитен ризик Банката врши обезбедување со недвижен имот и подвижна ствар; хартии од вредност; побарувања и други права, гаранции и паричен депозит.

Положениот колатерал во Банката за заштита на кредитен ризик на 31.12.2009 изнесува 56,248,248 илади денари, со % на покриеност на изложеноста од 88,5% и на 30.09.2010 изнесува 64,817,390 илјади денар, со процент на покриеност на изложеноста од 86,4%,.

Банката го почитува законскиот лимит за стапката на адекватнот на капитал и ја одржува над пропишано ниво од 8%, така што со состојба 31.12.2009 таа изнесува 10,6% и на 30.09.2010 изнесува 11,3% .

*Кредитен ризик од аспект на банката како издавач* – кредитниот ризик претставува ризик дека банката нема да биде во можност да ги измири своите обврски кон клиентот во договорениот износ и/или во договорените рокови, поради причини како што се финансиска слабост, постапка на стечај или банкрот, постапка на ликвидација и слично.

Имајќи предвид дека шестата емисија на хартии од вредност на Банката се однесува на издавање на обични акции, соодветно на карактеристиките на овој инструмент опишани во Проспектот кредитниот ризик од аспект на банката како издавач не е фактор на ризик од материјално значење.

### 4.2.2. Ликвидносен ризик

Ризик на ликвидност е ризик Банката да не може да обезбеди доволно средства за измирување на своите краткорочни обврски во моментот на нивното достасување, или потребните средства да ги обезбеди со многу повисоки трошоци.

Ликвидноста или способноста да се финансира зголемување на активата и да се одговори на обврските во рокот на доспевање е клучна за постоење на секоја банкарска институција. За извршување на финансиските активности неопходно е Банката да одржува адекватно ниво на ликвидност. Значењето на управувањето со ликвидноста на Банката се огледа и од аспект на системските последици кои може да ги предизвика недостатокот на ликвидност во поодделна банка. Од тие причини, управувањето со ликвидноста и ликвидносниот ризик е една од најважните активности на Банката.

Банката има воспоставено Политика за преземање и управување со ликвидносен ризик и Процедури за идентификување, преземање, мерење, следење и контрола на ликвидносниот ризик каде се дефинирани активностите кои Банката ги презема во функција на успешно управување и заштита од ликвидносниот ризик.

Квалитативни и квантитативни информации за ликвидносниот ризик дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи (за 2007 година - Прилог бр.1, за 2008 година – Прилог бр.2 и за 2009 година – Прилог бр.3).

### 4.2.3. Пазарни ризици

#### 4.2.3.1. Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности

Ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности претставува ризик од загуба кој произлегува од неповолните промени на каматните стапки, а кои влијаат на позициите во портфолиото на банкарски активности на банката.

Изложеноста на ризикот од промена на каматни стапки во портфолиото на банкарските активности претставува ризик од загуба на нето каматниот приход, а на долг рок може да има негативно влијание врз одржувањето на вредноста на капиталот и профитабилноста.

Банката има воспоставено Политика за преземање и управување со ризикот на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности и Процедури за идентификување, преземање, мерење, следење и контрола на ризикот од каматните стапки во портфолиото на банкарски активности каде се дефинирани активностите кои Банката ги презема во функција на успешно управување и заштита од ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности.

Квалитативни и квантитативни информации за ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи (за 2007 година - Прилог бр.1, за 2008 година – Прилог бр.2 и за 2009 година – Прилог бр.3).

#### 4.2.3.2. Валутен ризик

Валутен ризик е ризик од загуба поради промена на меѓувалутните курсеви и/или промена на вредноста на денарот кон вредноста на другите странски валути.

Изложеноста на Банката на валутен ризик, кој произлегува од нејзините девизни или денарски со девизна клаузула позиции има соодветно влијание на стабилноста и профитабилноста.

Банката има воспоставено Политика за преземање и управување со валутен ризик и Процедури за идентификување, преземање, мерење, следење и контрола на валутниот ризик каде се дефинирани активностите кои Банката ги презема во функција на успешно управување и заштита од валутниот ризик.

Квалитативни и квантитативни информации за валутниот ризик дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи (за 2007 година - Прилог бр.1, за 2008 година – Прилог бр.2 и за 2009 година – Прилог бр.3)..

#### 4.2.3.3. Останати пазарни ризици

Пазарен ризик е ризик од загуба како последица на промена на цената на финансиските инструменти наменети за тргување. Изложеноста на пазарен ризик има соодветно влијание врз стабилноста и профитабилноста на Банката, кое зависи од вредноста, структурата и движењето на цените на финансиските инструменти кои се дел од нејзиното портфолио за тргување.

Банката има воспоставено Политика за преземање и управување со пазарен ризик и Процедури за идентификување, преземање, мерење, следење и контрола на пазарниот ризик каде се дефинирани активностите кои Банката ги презема во функција на успешно управување и заштита од ризик од пазарен ризик.

Квалитативни информации за пазарниот ризик дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи (за 2007 година - Прилог бр.1, за 2008 година – Прилог бр.2 и за 2009 година – Прилог бр.3).

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

#### 4.2.3.4. Оперативен ризик (го вклучува и правниот ризик)

Оперативен ризик е ризик од загуба, поради: а) несоодветни или слаби интерни процеси, б) несоодветни лица и несоодветни или слаби системи во банката, в) надворешни настани. Оперативниот ризик го вклучува и правниот ризик. Правниот ризик претставува тековен или иден ризик врз добивката и сопствените средства на банката, предизвикан од прекршување или непочитување на законските и подзаконските прописи, договори, пропишани практики, етички стандарди, или како последица на погрешно толкување на прописите, правилата, договорите и други правни документи.

Управувањето со оперативниот ризик на Банката опфаќа утврдување и спроведување на рационална политика за управување со оперативен ризик, развивање и примена на адекватна методологија за оценка на оперативен ризик, како и утврдување и примена на процедури на контрола.

Банката има воспоставено Политика за управување со оперативен ризик, Процедури за идентификување, оценка, следење и контрола на оперативниот ризик и Методологија за оценка на оперативниот ризик и клучни показатели каде се дефинирани и активностите кои Банката ги презема во функција на успешно управување и заштита од оперативен ризик.

Квалитативни информации за оперативниот ризик дадени се во Белешките кон Финансиските извештаи (за 2007 година - Прилог бр.1, за 2008 година – Прилог бр.2 и за 2009 година – Прилог бр.3).

# 5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ

## 5.1. Податоци за историјата и развојот на издавачот

### 5.1.1. Полн назив, фирма и седиште на издавачот (адреса и телефонски број)

Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на Кеј "Димитар Влахов" бр. 4, 1000 Скопје, Р.Македонија.
Тел: + 389 (2) 3125273; Факс: + 389 (2) 3124064.

### 5.1.2. Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на друштвото

Број на решението од регистарскиот суд е Срег.бр.2330 од 27.12.1989 година, а решението од трговскиот регистар е Трег.бр.388 од 17.05.2001 година. Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица од 10.01.2011 година.

Решение за издавање дозвола за основање на Комерцијална банка АД Скопје бр.221 од 27.12.1989 година од Народна банка на Југославија.

Решение за замена на дозволата за основање и работење на Комерцијална банка АД Скопје бр. 02-14/627 од 23.12.2003 година.

Решение за усогласеност согласно Одлуката за издавање согласности и Законот за Банки бр.2064 од 24.03.2008 година.

Решение бр.5791 од 31.08.2010, за издавање претходна согласност на Банката за вршење на финансиска активност „продажба на удели во инвестициски фондови"

ЕМБС на Комерцијална банка АД Скопје е 4065573.

### 5.1.3. Датум на основање на друштвото и времето за кое е основано друштвото, освен кога е основано на неопределено време

Датумот на основање на Банката како акционерско друштво е 29.12.1989 година.

### 5.1.4. Правна форма на друштвото и законите врз основа на кои работи

Комерцијална банка АД Скопје е организирана како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.

Комерцијална банка АД Скопје работи врз основа на Законот за трговски друштва, Законот за банки, Законот за хартии од вредност, Законот за платен промет, Законот за девизно работење, Законот за облигационите односи и сите други законски и подзаконски акти релевантни за банкарското работење.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

# 6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД

## 6.1. Основни дејности

### 6.1.1. Опис на активностите кои ги врши издавачот во согласност со закон, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години

Банката е овластена да ги врши следните финансиски активности:

1. Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
2. Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
3. Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
4. Издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
5. Издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон;
6. Финансиски лизинг;
7. Менувачки работи;
8. Платен промет во земјата и странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
9. Брз трансфер на пари;
10. Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
11. Изнајмување сефови, остава и депо;
12. Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
13. Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
14. Тргување со хартии од вредност;
15. Тргување со финансиски деривативи;

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ 03

16. Управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;

17. Давање услуги на Банка чувар на имот;

18. Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;

19. Посредување во продажба на полиси за осигурување;

20. Посредување во склучување договори за кредити и заеми;

21. Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;

22. Економско-финансиски консалтинг;

23. Други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

Основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години.

- Прибирање на депозити и на други повратни извори на средства;
- Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- Издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници);
- Менувачки работи;
- Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- Издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- Изнајмување сефови, остава и депо;
- Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
- Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;

- Тргување со хартии од вредност;
- Давање услуги на Банка чувар на имот;
- Посредување во продажба на полиси за осигурување;
- Обработка и анализа на информации за кредитната способност на правни лица;
- Економско-финансиски консалтинг.

## 6.1.2. Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга, односно за отпочнување со нова активност

### 6.1.2.1. Нови производи и услуги:

- Воведување нови функционалности во Електронско банкарство – алтернативни канали на дистрибуција на банкарски производи и услуги: Интернет, Мобилно банкарство (SMS, Интернет) и Електронска пошта;
- Реализација на проектот за деловна интелегенција како понапреден модел на менаџмент информативниот систем и системите на известување кон надворешни институции;
- Во областа на работењето со банкарски картички, воведување на нови кобрендирани картички во соработка со респектабилни компании – клиенти на Банката, издавање на други картички од премиум сегментот, воведување на дополнителни привилегии и поволности за сите корисници, воведување на чип технологија, воведување на E-commerce за плаќања со VISA картички, дополнителни функционалности на банкомати, промена на пин и TopUp (надополнување на сметка за мобилен телефон), плаќање на сметки и слично, воведување на contactless технологија за плаќање во соработка со MasterCard и VISA за мали и брзи плаќања, воведување на pre-paid технологија, како и различни финансиски киосци, имплементација на новиот модул за следење и контрола на трансакциите со цел зголемување на безбедноста на работењето со картички.
- Поагресивно ширење на мрежата за прифаќање на картичките со цел комплетно покривање на целата територија на Републиката. Планирано е инсталирање на банкомати во сите населени места со над 20.000 жители, банкомат на секои 20.000 жители во поголемите градови, како и инсталирање на банкомати кај правни лица – комитенти на Банката чии вработени земаат плата на платежна картичка. Дополнително планирано е

довршување на постапката на брендирање на банкоматите (означување на банкоматите со логото на Банката и со логото на брендовите на картичките кои се прифаќаат со поставување на светлечки реклами на местото на банкоматите со што ќе се обезбеди поголема впечатливост на истите).

- Во доменот на маркетинг комуникациите ќе се организираат кампањи за одржување на корпоративниот имиџ на Банката, како и промотивни кампањи за картичките од програмата Visa, за новите функционалности на банкоматите и на услугите траен налог и SMS банкарство, за воведувањето на чип технологија на картичките на Банката, соодветна промотивна подршка на воведувањето на Лични банкари и Мобилни банкари во работењето со посебно сегментирани групи на клиенти, реализација на една до две промотивни кампањи за производите наменети за население итн.

- Понуда на услуги од областа на инвестициското банкарство, како што се: истражување на состојбите на пазарот на капитал, советување на клиентите при издавање и тргување со долгорочни хартии од вредност, портфолио менаџмент, управување со портфолио на долгорочни хартии од вредност на Банката, советување и организирање постапки за преземање на акционерски друштва, советување, организирање и подготовка на документација за емисија на хартии од вредност, преземање на ризик при реализација на нова емисија, финансирање на проекти и специјални трансакции и сл.

- Во услови на зголемена конкуренција и сеуште неповратен оптимизам кај инвеститорската јавност, ќе се настојува да се задржат постојните клиенти, но пред сè да се зголеми бројот на нови големи клиенти од типот на странски Global custodian-и преку понуда на услуга која согласно регулативата и условите во Република Македонија ќе биде прилагодена на светските стандарди и воспоставената деловна пракса во овој сегмент од работењето.

- Развој на нова услуга како посредник во порамнување на реализираните трансакции на купопродажба на странски хартии од вредност за приватни инвестициски фондови.

Согласно Одлуката за управување со ризици, при воведување на секој нов производ или систем, Банката е должна да изврши документирана анализа која што вклучува: опис на ризиците кои произлегуваат од воведувањето на нов производ или систем, анализа на влијанието на новиот производ или систем врз капацитетот на Банката за преземање ризици, анализа на

влијанието на новиот производ или систем врз управувањето со ризиците од страна на Банката.
Пред да се воведе нов производ или систем во Банката, потребно е да се направат сите неопходни консултации со другите надлежни организациски делови (на пример: организацискиот дел од областа на правото, сметководството, следењето на усогласеноста на работењето на Банката со прописите). Новите производи кои може да имаат значајно влијание врз профилот на ризичноста на Банката се одобруваат од Надзорниот одбор.

#### 6.1.2.2. Нови активности

- Нова емисија на акции со што би се обезбедила стапка на адекватност на капиталот која ќе соодветствува на планираните кредитни активности;

- Во рамките на задачите на деловната политика на Банката останува обврската на Банката дека доколку акционерите на Комерцијална банка АД Скопје обезбедат контролен пакет на акции и утврдат соодветни параметри, менаџментот на Банката ќе презема соодветни постапки, мерки и активности за евентуално привлекување на потенцијален странски стратешки инвеститор кој треба да ги исполни условите дефинирани од страна на конзорциумот на акционери на Банката, и тоа:

    - да претставува банка чие име е реномиран меѓународен "бренд";

    - понудата да ја одразува реалната вредност на акциите на Комерцијална банка АД Скопје и

    - да достави стратешки план за идниот развој на Банката.

### 6.2. Пазари на кои издавачот работи

Комерцијална банка АД Скопје ја остварува својата активност во амбиент карактеристичен за целокупната активност во Државата.

Се очекува работењето на Банката во наредниот период да се одвива во услови на одржана макроекономска стабилност. Стабилниот макроекономски амбиент би бил поддржан и со одржување на ценовната стабилност со тоа што просечната годишна стапка на инфлација би се движела помеѓу 2% и 3%. Централната банка ќе продолжи со примена на монетарна стратегија на таргетирање на номиналниот девизен курс на денарот во однос на еврото.

Во однос на генералното ниво на економска активност, за 2011 година е проектиран реален пораст на БДП од 3,5%. Интензивирањето на процесот на заздравување на светската економија и на евро-атлантското интегрирање на Република Македонија во периодот до 2014 година треба да доведе до враќање на македонската економија на патеката на побрз економски раст од околу 5%.

Во 2010 година Централната банка започна да ја релаксира монетарната политика преку намалување на референтната каматна стапка, намалувајќи ја од 9% на 5%. Како последица на пооптимистичките перцепции за економските движења во земјата, особено во втората половина на годината, се предвидува зголемена кредитна активност на банкарскиот сектор, при што годишната стапка на пораст на вкупните кредити треба да изнесува 12,1%. Главен извор на средства за финансирање на кредитната активност и понатаму ќе биде депозитната база, надополнета со средства од странските кредитни линии, како што е кредитната линија од Европската инвестициона банка.

Ризици околу проектираните монетарни и кредитни текови сепак постојат и се претежно во надолна насока. Имено, очекувањата за понатамошен кредитен раст во голема мера се условени од остварувањето на претпоставката за континуитет во закрепнувањето на домашната и глобалната економија. Оваа претпоставка има ефекти врз исполнувањето на проекциите за изворите на финансирање на банките, како и за согледувањата за ризик од страна на банките. Движењата во текот на претходните две години покажаа дека согледувањата и очекувањата на банките за идните економски трендови имаат голема улога при водењето на кредитната политика. Евентуално послабите остварувања на реалниот сектор директно би се одразило на финансиската состојба на претпријатијата и населението, а оттука и на квалитетот на кредитните портфолија на банките и на нивните согледувања за ризик. Имајќи предвид дека банките и понатаму ќе бидат водени од потребата за одржување стабилност и сигурност при управувањето со активата, ова би можело да доведе до помало кредитирање во однос на планираното[1].

## 7. ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

### 7.1. Доколку издавачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на издавачот во таа група

Издавачот не е дел од банкарска група (посложен деловен систем). Притоа, издавачот има вложувања во подружници и придружени друштва кои не подлежат на консолидација, согласно Одлуката за консолидирана супервизија донесена од НБРМ (Службен весник на РМ бр.17/2008) и оттаму заедно не претставуваат група.

[1] Извор на податоци: Развоен план на Комерцијална банка АД Скопје за периодот 2010-2014 година, Проекции на монетарната политика за 2011 година. Податоците содржани во Развојниот план на Банката за периодот 2010-2014 година не се ревидирани од овластен ревизор.

Во продолжение е дадена табела за процентуалното учество во сопственоста и правото на глас во придружените друштва:

| Назив на подружниците и на придружените друштва | Земја | Процент на учество во сопственоста | | Процент на право на глас | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Тековна година 2009 | Претходна година 2008 | Тековна година 2009 | Претходна година 2008 |
| КБ Прво Пензиско друштво АД Скопје | Р.Македонија | 49,00% | 49,00% | 49,00% | 49,00% |
| КБ Публикум Инвест АД Скопје | Р.Македонија | 50,00% | — | 50,00% | — |

Детални податоци за вложувањата во придружените друштва се дадени во Белешките на ревидираните финансиски извештаи (за 2007 година – Прилог бр.1, за 2008 година – Прилог бр.2 и за 2009 година – Прилог бр.3).

## 8. ТРЕНДОВИ

**Најзначајните движења во врска со работењето на издавачот кои би можеле да имаат суштинско значење на перспективите на издавачот за последната финансиска година и до денот на изготвување на проспектот**

- Согласно намалувањето на каматната стапка на благајничките записи од страна на НБРМ, како и поради усогласување на висината на активните каматни стапки за физички лица со максимално дозволената каматна стапка, согласно Законот за облигациони односи, Комерцијална банка АД Скопје изврши намалување на сите активни каматни стапки кои изнесуваа повеќе од 13% со што се релаксираа условите за кредитирање и се зголеми кредитната поддршка на клиентите-физички лица;
- Интезивно ширење на мрежата на банкомати и нивно поставување посебно во оние градови каде Банката не е застапена со своја експозитура или филијала, во секоја новоотворена експозитура, како и во фирмите кои имаа значителен број на картички;
- Континуирано ширење на деловната мрежа на Банката со нови филијали и експозитури;
- Натамошно зголемување на бројот на издадени дебитни и кредитни картички особено на новите Visa Electron дебитни картички, како и на новите типови на кредитни картички Visa Classic Revolving и Visa Classic Standard за физички лица и Visa Business Revolving картичките за правни лица. Пораст бележат и Gold картичките од брендот Visa и тоа Visa Gold Revolving и Visa Gold Standard.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ

- Во изминатиот период беа направени првите e-commerce трансакции, односно во пилот фаза беше отворен првиот трговец со можност за прифаќање на MasterCard картички преку интернет. Во текот на овој период Банката ја доби лиценцата за прифаќање на чип картички од брендовите на MasterCard на POS терминалите на Банката. Во тек се и подготовки за набавка на модул за заштита од злоупотреба на картички.

- Со цел зголемување на прометот во трговијата со картички како и подобрување на пазарното учество на Банката во овој сегмент организирана и спроведена е наградна игра за сите корисници на VISA дебитни и кредитни картички под слоганот "Користете ја Вашата Visa картичка на Комерцијална банка АД Скопје и освојте патување на FIFA Светскиот куп 2010 година".

- Во текот на оваа година активно се работеше на целосна промена на концептот на вршење плаќања од трансакциски сметки со траен налог. Се осмислија нови типови на трајни налози и се тестираше и имплементираше апликативното решение за отворање, затворање и наплата на различни видови трајни налози.

- Проширување на понудата со нови услуги за правни лица преку Интернет банка и тоа: Плаќање во странство преку Интернет банка и доставување известување (SWIFT порака) за извршено плаќање во странство по e-mail.

- Активности во функција на спроведување на Проектот за имплементација на Bank Business Intelligence Integral System;

- Активности во функција на спроведување на Проектот за имплементација Bank Business Intelligence Integral System.

- Развој на функцијата Банка чувар на имот/депозитна банка за пензиски/инвестициски фондови регистрирани во Република Македонија и модифицирање и усовршување на услугите Банка чувар на имот за нерезидентите (локална старателска банка).

## 9. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ - *опционо*

Собранието на Комерцијална банка АД Скопје на седницата одржана на 24.03.2010 година го усвои Развојниот план на Комерцијална банка АД Скопје со финансиски проекции за периодот 2010-2014 година (Прилог бр.7). Во овој документ се презентирани планираните Биланс на состојба и успех за периодот 2010-2014 година, меѓутоа за овие извештаи Банката не побара мислење од овластен ревизор со кое ќе се потврди точноста на овие проекции и нивната усогласеност со сметководствените процедури на Банката.

## 10. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ

Детални податоци за лицата во Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризик, Одборот за ревизија, Управниот одбор, Кредитниот одбор и Одборот за надгледување на информативната технологија на Комерцијална банка АД Скопје се дадени во продолжение:

- Членови на Надзорен одбор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање | Сава Димитрова – 13.10.1949 | |
| | Деловна адреса | ул.808 бр. 8, Скопје Гази Баба | |
| | Функција што ја врши кај издавачот | Претседател на Надзорен одбор; Член на одбор за ревизија. | |
| | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот) | Генерален директор на АД Фабрика Европа Скопје. | |
| 10.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично) | Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично). | |
| 10.3. | Детални податоци | | |
| 10.3.1. | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуства | | |
| | 1973 – 1979 | АД Фабрика Европа Скопје | Контролор на производство |
| | 1979 – 1987 | АД Фабрика Европа Скопје | Директор на производство |
| | 1987 – 1991 | АД Фабрика Европа Скопје | Генерален директор |
| | 1991 – | АД Фабрика Европа Скопје | Претседател на Управен одбор |
| 10.3.2. | Имиња на друштва во кои лицето е член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | Член е на УО на АД Фабрика Европа и акционер во АД Фабрика Европа Скопје. | |
| 10.3.3. | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори, односно УО и НО на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. | |
| 10.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое | Не ѝ е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во | |

| | | |
|---|---|---|
| | делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната | предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 10.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество | 230 обични акции |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање | Таки Фити – 07.11.1950 | |
| | Деловна адреса | Универзитет" Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Бул. Крсте Мисирков бб, МАНУ, Бул. Крсте Мисирков бр. 2, Скопје | |
| | Функција што ја врши кај издавачот | Заменик претседател на Надзорен одбор; Член на Одбор за ревизија. | |
| | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот) | Академик, Професор на Економски факултет на Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје. | |
| 10.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично) | Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично). | |
| 10.3. | Детални податоци | | |
| 10.3.1. | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуства | | |
| | 1974 - 1983 | Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје | Асистент |
| | 1983 – 1988 | Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје | Доцент |
| | 1988 – 1993 | Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје | Вонреден професор |
| | 1993 – 1996 | Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје | Редовен професор |
| | 1996 – 1998 | Влада на Република Македонија | Министер за финансии |
| | 1998 – 2007 | Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Економски факултет, Скопје | Редовен професор |

| | | |
|---|---|---|
| 10.3.2. | Имиња на друштва во кои лицето е член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | До јули 2007 година бил член на Надзорен одбор на Макошпед. |
| 10.3.3. | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори, односно УО и НО на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. |
| 10.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. |
| 10.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество | 112 обични акции |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање | Алеко Ангеловски - 06.12.1938 | |
| | Деловна адреса | | |
| | Функција што ја врши кај издавачот | Независен член на Надзорниот одбор; Член на Одбор за ревизија | |
| | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот) | Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот. | |
| 10.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично) | Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично). | |
| 10.3. | Детални податоци | | |
| 10.3.1. | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуства | | |
| | 1969 – 1972 | АД Фабрика Карпош | Шеф на лабараторија |
| | 1972 – 1978 | АД Фабрика Карпош | Шеф на техничка контрола |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1978 – 1988 | АД Фабрика Карпош | Директор на производство |
| | 1988 – 2007 | АД Фабрика Карпош | Генерален директор |
| 10.3.2. | Имиња на друштва во кои лицето е член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | До 31.12.2006 година бил член на Управен одбор на АД Фабрика Карпош. | |
| 10.3.3. | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори, односно УО и НО на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. | |
| 10.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. | |
| 10.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество | 200 обични акции | |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање | Симон Наумоски - 21.10.1941 |
| | Деловна адреса | |
| | Функција што ја врши кај издавачот | Независен член на Надзорен одбор. |
| | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се значајни за издавачот) | Не врши значајни активности надвор од работењето кај издавачот. |
| 10.2. | Податок за природата на било каква поврзаност на лицето со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично) | Нема било каква поврзаност со другите членови на надзорниот одбор, одборот за управување со ризици, одборот за ревизија, управниот одбор и други органи утврдени со Статутот (кредитен одбор и слично). |
| 10.3. | Детални податоци | |
| 10.3.1. | Податоци за релевантното менаџерско и експертско работно искуства | |

комерцијална банка ад скопје

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 1964 – 1968 | Фабрика "Партизан" | |
| | 1968 – 1968 | Фабрика "8-ми Ноември" | Технички директор |
| | 1968 – 1970 | Хемиско училиште "Борка Талески" | Професор |
| | 1970 – 1974 | Фабрика "Партизан" | Технички директор |
| | 1974 – 1990 | Фабрика "Витаминка" АД Прилеп | Генерален директор |
| | 1990 – 1990 | Сојузно Собрание на СФРЈ | Делегат на РМ |
| | 1990 – 2007 | Фабрика "Витаминка" АД Прилеп | Генерален директор |
| 10.3.2. | Имиња на друштва во кои лицето е член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор или содружник, односно акционер во било кое време во последните пет години и податок дали лицето сеуште е или не е веќе член или содружник, односно акционер | Лицето е:<br>- член на Управен одбор на ПИ Витаминка АД Прилеп;<br>- член на Управен одбор на Стопанска комора на РМ;<br>- член на Надзорен одбор на Ведрина Прилеп;<br>- член на Управен одбор на Ведрина 2, Белград;<br>- член на Управен одбор на ГС1 Македонија и<br>- акционер во ПИ Витаминка АД Прилеп | |
| 10.3.3. | Податок дали лицето било член на одборот на директори, односно управниот и надзорниот одбор на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години | Лицето не било член на одборот на директори, односно УО и НО на правно лице против кое е поведена стечајна, предстечајна или ликвидациона постапка во последните пет години. | |
| 10.3.4. | Податок дали на лицето му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години (со податок кога била изречена мерката и до кога траела забраната | Не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работење на издавачот во последните пет години. | |
| 10.3.5. | Податок дали лицето има сопствено учество во основната главнина на издавачот и во гласачката структура на издавачот, со податок за износот на тоа учество | Лицето нема учество во основната главнина и во гласачката структура на Банката. | |

| | | |
|---|---|---|
| 10.1. | Име и презиме и датум на раѓање | Звоне Тањат - 14.07.1950 |
| | Деловна адреса | Miklošičeva cesta 38, Ljubljana, Slovenia |
| | Функција што ја врши кај издавачот | Член на Надзорен одбор |
| | Податок за значајните активности на овие лица надвор од работењето кај издавачот (доколку тие активности се | Не врши значајни активности во Р.Македонија, надвор од работењето кај издавачот. |

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| | значајни за издавачот) | | |
11. Изнајмување на сефови, остава и депо;

12. Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);

13. Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;

14. Тргување со хартии од вредност;

15. Тргување со финансиски деривативи;
16. Управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;

17. Давање на услуги на Банка чувар на имот;

18. Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;

19. Посредување во продажба на полиси за осигурување;

20. Посредување во склучување договори за кредити и заеми;

21. Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;

22. Економско-финансиски консалтинг;

23. Други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

### 14.5.2. Опис на правата, предностите и ограничувањата кои произлегуваат од секоја класа на акции издадени од издавачот

Обичните акции се акции кои на сопствениците им даваат право на:

1. глас во Собранието на Банката;
2. исплата на дел од добивката (дивиденда) и
3. исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Акциите гласат на име. Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Банката.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

### 14.5.3. Опис на дејствието кое треба да биде преземено за промена на некое од правата на сопствениците на акции, при што ќе биде посочено дали условите за таквото дејствие се построги во однос на законот или не

Кога на Собранието на Банката се одлучува за прашања со кои се менува или ограничува кое било право врзано за некој род на акции и за случаите утврдени со закон, одлуката се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род на акции дадат согласност со донесување на одлука. Оваа одлука во зависност од точките на дневен ред на Собранието, по оценка на органот што го свикува Собранието, може да се донесе на истото Собрание со одвоено гласање на овие акционери, или пак на посебно собрание. Одлуката се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието. Со Статутот на Банката не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива.

### 14.5.4. Опис на условите за свикување годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклучувајќи и податоци за начинот на кој акционерите го пријавуваат своето учество

Акционерите на Банката своите права и интереси во Банката ги остваруваат на Собранието на Банката. Собранието на Банката го сочинуваат сите акционери. Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието, со писмено полномошно, согласно Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, ако со Закон не е поинаку определено.

Годишното собрание, со предлог на дневен ред и одлуките во врска со точките од дневниот ред, го свикува Управниот одбор врз основа на претходно прибавено одобрение од Надзорниот одбор, по составување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Банката во претходната деловна година, во рок од шест месеци од календарската година за претходната година.

Собрание на Банка помеѓу две годишни собранија можат да свикаат Управниот одбор со претходно прибавено одобрение од Надзорниот одбор или Надзорниот одбор по сопствена иницијатива или по барање на акционери.

Барање за свикување на седница на Собрание можат да поднесат акционерите кои имаат најмалку 1/10 од акциите со право на глас. Во барањето се наведуваат целта и причините за свикување на Собранието, прашања за кои ќе се одлучува и податоците за акционерите. Акционерите кон барањето доставуваат и извод од сметките на хартиите од вредност

издаден од Централниот депозитар за хартии од вредност во кој што е наведен бројот на акциите со право на глас.

Управниот одбор врз основа на мислење на Надзорниот одбор е должен по барањето на акционерите да се произнесе во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето, односно донесува одлука со која го прифаќа, односно одбива барањето, наведувајќи ги и причините поради што е така одлучено. По исклучок, доколку во утврдениот рок не се обезбеди мислење од Надзорниот одбор, по барањето на акционерите одлучува Управниот одбор.

Ако по барање на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Управниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, акционерите ги остваруваат своите права согласно Законот за трговски друштва.

Собранието се свикува со праќање на покана до акционерите на начин кој овозможува потврда дека поканата е примена од акционерот или со објавување на повик до акционерите кој се објавува најмалку во еден дневен весник.

Начинот на свикување на Собрание се определува со Одлуката за свикување на Собранието.

Поканата, односно повикот за учество на Собранието на Банката содржи:

- фирма и седиште на Банката;
- место и датум на одржување на Собранието;
- други процедурални формалности од значење за присуство на Собранието и за начинот на гласање;
- дневен ред по кој ќе се работи на Собранието;
- начин на којшто се достапни материјалите по точките од дневниот ред;
- можност за именување на полномошник на акционерот и начинот на неговото именување и
- други информации во зависност од ставените точки на дневниот ред.

Рокот кој тече од денот на испраќање на поканата, односно објавување на повикот за учество на Собранието до денот на одржување, не може да биде покус од 21 ден ниту подолг од 50 дена.

Материјалите за седницата на Собранието на Банката им се ставаат на акционерите на располагање од денот на испраќање на поканата, односно објавување на јавниот повик, во определена просторија на Банката и на веб страницата на Банката.

Секој акционер своето учество на Собранието го пријавува најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Списокот на пријавените акционери се става на увид во

седиштето на Банката. Списокот на пријавените акционери се споредува со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност четириесет и осум часа пред одржување на седницата на Собранието. Списокот пред одржување на Собранието го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го потврдува – верификува своето присуство на Собранието. Овој список, со свој потпис, го заверуваат Претседавачот со Собранието и записничарот. Заверениот список им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање.

### 14.5.5. Опис на условите утврдени во Статутот или друг акт на издавачот со кои се регулира промената на основната главнина, кога тие услови се построги од оние пропишани со закон

Согласно Статутот на Комерцијална банка АД Скопје и Законот за трговски друштва, зголемувањето на почетниот капитал (основната главнина) на Банката се врши:

- со влогови;
- со условно зголемување;
- со одобрен капитал;
- со средства на Банката.

Зголемувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Банката. Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Намалувањето на почетниот капитал на Банката се врши преку:

- намалување на номиналниот износ на акциите;
- спојување на акции и
- повлекување на сопствени и на други акции.

Намалувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Банката. Одлука за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

Со Статутот на Банката не се предвидени построги услови во однос на законската регулатива.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

## 15. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ

**Податоци за секој договор (надвор од секојдневното работење на издавачот) кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот или друг член на групата (ако издавачот е дел од група), за последните две години кои му претходат на изготвувањето на проспектот.**

Не постои договор, надвор од секојдневното работење на Банката, кој е од суштинско значење за работењето, а во кој како договорна страна се јавува Комерцијална банка АД Скопје.

## 16. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС

**16.1. Кога во проспектот е вклучен извештај од трето лице-експерт, да се наведат податоци за тоа лице и тоа: име и презиме, деловна адреса, квалификации и податок дали лицето има материјален интерес кај издавачот. Податок во кој контекст и во која форма се употребува извештајот на тоа лице и согласност од лицето кое ја потврдило содржината на тој дел од проспектот**

Во Проспектот не е вклучен извештај од трето лице-експерт.

**16.2. Кога извор на определена информација е некое трето лице, потребно е да се обезбеди потврда дека таа информација е точно и прецизно репродуцирана и дека согласно можностите и сознанијата на издавачот не е прикриен ниту еден факт кој би ги направил репродуцираните информации нецелосни или неточни. Да се наведе изворот на информациите**

Во Проспектот не е вклучена информација чиј извор е трето лице.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

# 17. ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

## 17.1. Причини за понудата и намена на средствата што ќе се приберат со понудата

Во текот на изминатите две години, дојде до квалитативни промени во Банката и тоа, како во поглед на зголемената понуда на производи и услуги на клиентите, така и во поглед на структурата на билансот. Покрај динамизираната кредитна активност, пораст на картичното работење и електронското банкарство, беа зголемени и вонбилансните активности, и Банката брзо и навремено одговараше на побарувањата на клиентите за издавање на акредитиви и гаранции, со што Банката успеа да го задржи своето место на пазарот и да го одржи пазарното учество и покрај зголемената конкуренција.

Една од главните определби на Банката претставува зголемувањето на капиталот преку одржување на стапка на исплата на дивиденда не поголема од 40%, со што значителен дел од добивката би останал во резервите и би влијаел на зголемување на капиталот. Сепак, плановите на Банката да се следи таа динамика не може да се поддржат исклучиво со овој начин на зголемување на капиталот.

Новата емисија не претставува нужност која произлегува од немањето доволно извори на средства за остварување на активностите на Банката, туку постојат одредени ограничувачки фактори кои, доколку не се изврши дополнителна капитализација на Банката, ќе го ограничи нејзиниот понатамошен раст и развој.

Најзначаен фактор, кој не е само регулаторно прашање туку и прашање на внимателно управување со ризиците во комбинација со динамички пораст на активностите, е капиталот потребен при зададено ниво на ризик, претставен преку стапката на адекватност на капиталот.
Докапитализацијата ќе биде во согласност со препораките на НБРМ, а истовремено ќе овозможи понатамошен непречен раст и развој на Банката, согласно природата, видот и обемот на активностите што ги врши Банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности.

Во текот на 2008 година, од страна на Банката беа превземени активности за организирање на емисија на хартии од вредност по пат на јавна понуда, со која би се извршила докапитализација. Понудата беше отворена една година, почнувајќи од 18.10.2008 година, меѓутоа поради финансиската криза, намалената ликвидност и промените во пазарното движење на цената на акциите, истата беше неуспешна.
Заклучно со 31.12.2009 година Банката оствари стапка на адекватност на капиталот од 10,64%, со што е во рамките на законски предвидениот минимум од 8%, но сепак е под 12% што е препорачана стапка од страна на НБРМ.

Согласно Одлука на Собранието на акционери на Банката, кое се одржа на 24.03.2010 година, дел од добивката по завршна сметка за 2009 година е издвоен во резервниот фонд на Банката, така што

стапката на адекватност на капиталот со состојба 31.03.2010 година достигна 11,86%.

Адекватноста на капиталот со 30.11.2010 година изнесува 11,11% и со докапитализацијата се очекува да се зголеми на ниво кое, во комбинација со континуирано зголемување на резервите, би овозможило одржување на адекватноста на капиталот на 12%, како што е препорачано од НБРМ.

Согласно Финансискиот план за 2010 година беше предвидено, во однос на претходната година:

- Вкупната актива да се зголеми за 6%;
- Бруто-кредитите да пораснат за 5%;
- Пласманите во и краткорочни кредити на други банки да се зголемат за 1%;
- Пораст на депозитите од 3%, со што нивното учество во активата би се зголемило на 82,2%;
- Нето-приходите од камати да се зголемат за 6%;
- Пораст на останатите приходи од 10%;
- Намалување на оперативните расходи од 2% и
- Зголемување на добивката пред оданочување за 2%.

Во услови на подобрена ликвидност и поповолен макроекономски амбиент, заклучно со 30.09.2010 година Комерцијална банка АД Скопје од своето работење оствари позитивен финансиски резултат во износ од 784,0 милиони денари. Овој резултат е за 10,3% повисок од остварениот позитивен финансиски резултат во истиот период минатата година, со што планот за деветте месеци од 2010 година е реализиран со 95%.

Со тоа продолжи трендот на профитабилното работење, изразено преку зголемување на стапките на принос на капиталот (ROE) и принос на активата (ROA), како и зголемување на добивката по акција и сметководствена вредност по акција.

| | 2008 | 2009 | TTM Q1 2010 | TTM Q2 2010 | TTM Q3 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Заработка по акција | 689 | 537 | 545 | 612 | 569 |
| Сметководствена вредност по акција | 3.110 | 3.454 | 3.529 | 3.702 | 3.843 |
| ROA | 2,50% | 1,77% | 1,75% | 1,90% | 1,70% |
| ROE | 21,99% | 15,44% | 16,32% | 17,43% | 15,58% |
| Сметководствена вредност намалена за исплатата на дивиденда | | | 3.341 | 3.514 | 3.655 |

**Табелата ја одразува состојбата на 30.09.2010, без да биде земена во предвид новата емисија. Податоците за 2010 година не се ревидирани.*

Со новата емисија би се постигнало подобрување во исполнувањето на супервизорските стандарди, а исто така ќе се овозможи дополнителен раст на Банката и одржување на пазарното учество. Согласно стапките

на раст на најзначајните параметри кои влијаат на исполнувањето на супервизорските стандарди, оценето е дека со нова емисија во износ од 927.500.000,00 денари може да се постигне задоволително ниво на основните параметри на работењето.

При зголемување на капиталот на Банката во предложениот износ од 927.500.000,00 денари и незначително зголемување на кредитната активност, пресметката на состојбата на ризично пондерираната актива, како и соодветните корекции на отворената девизна позиција, ја даваат проценетата стапка на адекватност на капиталот од околу 12,70%.

Согласно стратешката определба на Комерцијална банка АД Скопје за одржување на вредноста на капиталот и негово зголемување преку политика на издвојување на значаен дел од нето-добивката за резерви, доколку Собранието на акционери на Банката донесе одлука за издвојување на износ од околу 10 милиони евра од нето-добивката за 2010 година во резервниот фонд, би се обезбедила стапка на адекватност на капиталот од околу 13,77% со што истата ќе соодветствува на планираните активности. Ако се има предвид дека Банката во периодот кој следи планира одреден раст на кредитните активности, во следните години се очекува намалување на стапката на адекватност на капиталот, но истата во согласност со стратегијата ќе се настојува да се одржува на ниво од околу 12%.

Имајќи ги предвид претпоставките за докапитализација, издвојување на дел од добивката на Банката во резерви и минимални промени во депозитната база, во 2011 година може да се очекува раст на вкупната актива на Банката од 6%.

Преку податоците за движење на пазарната цена на акциите на Комерцијална банка АД Скопје во текот на последниот еден месец утврдено е дека просечната цена била 3.201,80, а според трендот на тргувањето се забележува доближување до сметководствената вредност.

## 17.2. Општи податоци за хартиите од вредност

### 17.2.1. Бројот и датумот на актот за издавање на сопственички хартии од вредност

Одлука за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со емисија на обични акции по пат на јавна понуда – VI-та (шеста) емисија број 02-1600-1 од 11.01.2011 година донесена на Собранието на акционери на 11.01.2011 година.

### 17.2.2. Податоци за согласностите и одобренијата врз основа на кои хартиите од вредност ќе бидат издадени

Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со емисија на обични акции по пат на јавна понуда – VI-та (шеста) емисија број 02-1600-1 од 11.01.2011 година, беше прифатена и одобрена од Собранието на акционери на 11.01.2011 година.

Со известување број 10-200-2260 од 11.01.2011 година е известена Народната банка на Република Македонија за донесената Одлука за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со емисија на обични акции по пат на јавна понуда – VI-та (шеста) емисија, во согласност со член 61 од Законот за банки, од делот за согласности и известување.

Оваа емисија е одобрена со Решение од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија бр.УП1 07-4 од 27.01.2011 година.

Во услови на успешно завршување на јавната понуда, односно по запишувањето на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Банката ќе изврши усогласување на Статутот на Банката, за што ќе се обрати за согласност до Народна банка на Република Македонија, во согласност со член 57 од Законот за банки.

### 17.2.3. Бројот на хартиите од вредност што се издаваат и номиналната вредност на хартиите од вредност (поединечна и вкупна номинална вредност)

Со VI-тата (шестата) емисија на акции се издаваат 265.000 обични акции по номинална вредност од 1.000,00 денари по акција, односно вкупна номинална вредност од 265.000.000,00 денари.

### 17.2.4. Закони врз основа на кои се издаваат хартиите од вредност

Хартиите од вредност се издаваат врз основа на Законот за хартии од вредност, Законот за банки и Законот за трговски друштва.

### 17.2.5. Назив и адреса на субјектот каде што се регистрираат хартиите од вредност

Хартиите од вредност ќе се регистрираат во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје – ЦДХВ АД Скопје, со седиште на ул. "Кузман Јосифовски Питу" бр.1, 1000 Скопје, Република Македонија.

### 17.2.6. Времето и начинот на предавањето на хартиите од вредност за регистрирање кај овластен депозитар

Банката ќе го пријави за упис зголемувањето на почетниот капитал во трговскиот регистар во рок од 8 дена од успешното завршување на VI-тата емисија на акции.

Банката ќе ги предаде акциите од VI-тата емисија за регистрирање во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје во рок од 3 работни дена од денот на уписот на основната главнина во трговскиот регистар.

Депозитарот во рок од 2 дена по добивањето на решението за упис на основната главнина односно известувањето за запишани и платени хартии од врендост врши порамнување, односно распределба на акциите на сметките на сите инвеститори кои успешно запишале и уплатиле акции од VI-тата емисија по пат на јавна понуда.

### 17.2.7. Податоци за оданочувањето на приходите од хартиите од вредност

Податоци за одданочувањето на приходите од хартиите од вредност за странски правни лица:

Според член 29-б од Законот за данок на добивка и член 5-б од Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување, задржувањето на данок се применува на приходите од дивиденди.

Стапката на данок на приход од дивиденди на странско правно лице изнесува 10%.

Ако Република Македонија има потпишано договор за одбегнување на двојното оданочување со државата чиј резидент е странско правно лице, можат да се применуваат условите од договорот на начин пропишан со член 5-в од Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување.

Податоци за оданочување на приходите од хартиите од вредност за домашни и странски физички лица:

Согласно член 7 од Законот за персонален данок на доход, обврзник на данокот на доход е секое физичко лице резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство. Согласно член 9 од истиот закон, обврзник на данокот на доход е и физичко лице кое не е резидент на

Републиката за доходот што е остварен на територијата на Републиката.

Според член 12, данокот на доход се плаќа по стапка од 10%. Дивидендите и другите приходи остварени со учество во добивката кај правните и физичките лица; влегуваат во приходи од капитал, согласно член 47 од Законот за персонален данок на доход, а основа за пресметување на данокот на дивиденда претставуваат бруто дивидендите, односно приходите од учество во добивката распределена на обврзникот (член 49 од Законот за персонален данок на доход).

## 17.3. Податоци за сопственичките хартии од вредност

### 17.3.1. Опис на видот, родот и класата на хартии од вредност кои се издаваат, вклучувајќи и ИСИН број за хартијата од вредност, доколку таков постои

Се издаваат обични акции со ИСИН број MKKMBS101019.

### 17.3.2. Опис на правата кои произлегуваат од хартиите од вредност, било какви ограничувања на правата и начинот на кој се остваруваат тие права

Обичните акции се акции кои на сопствениците им даваат право на:

1. глас во Собранието на Банката;
2. исплата на дел од добивката (дивиденда) и
3. исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Акциите гласат на име. Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Банката.

Дивидендата се исплатува врз основа на Одлука на Собранието на Банката, со која се регулира начинот на исплата и висината на дивидендата. Дивиденда нема да се исплатува за оние деловни години во кои Банката нема да оствари добивка.

Сопственикот на акциите од VI-тата (шестата) емисија ги стекнува сите права и обврски од акциите предвидени во законските прописи, Статутот на Банката и актот за нивно издавање со денот на уписот во Книгата на акции на Банката во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

Банката нема издадено акции со право на откуп. Акциите од VI-тата (шестата) емисија не носат право на откуп од страна на Банката и не носат право на конверзија.

### 17.3.3. Преносливост на хартиите од вредност

Хартиите од вредност се со право на преносливост.

### 17.3.4. Податок за постоењето на обврска за давање на понуда за преземање (јавна понуда за откуп)

До објавувањето на овој Проспект не постои ниту едно правно или физичко лице кое и во случај на целосна реализација, т.е. откуп на оваа јавна емисија би ги исполнило условите за давање на јавна понуда за откуп, согласно постоечките законски прописи.

### 17.3.5. Податок за постоење на понуди за преземање (јавни понуди за откуп) на хартиите од вредност на издавачот во текот на претходната финансиска година, заедно со податокот за цената или за условите за замена на хартиите од вредност – предмет на понудата за преземање, и исходот на понудата за преземање

Во текот на 2009 и 2010 година до објавувањето на овој Проспект не е дадена понуда за превземање (јавна понуда за откуп) на Банката.

### 17.3.6. Разводнување (износот и процентот на разводнување на заработувачката по акција како резултат на понудата)

Проектираната бруто добивка, согласно Програмата на мерки и активности на деловната политика и финансискиот план на Комерцијална банка АД Скопје за 2010 година, изнесува 1.100 милиони денари. Врз основа на проектираната бруто добивка на Банката, заработувачката по акција за 2010 година ќе изнесува 546,16 денари и новата емисија нема да има разводнувачки ефект врз истата. Бидејќи јавната понуда се очекува да се реализира во почетокот на 2011 година, новата емисија ќе има незначителен ефект врз заработувачката по акција за 2011 година.

# 18. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА

## 18.1. Цена на хартиите од вредност

### 18.1.1. Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени, како и начинот на утврдување на цената согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор

Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени изнесува 3.500,00 денари по акција.

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

### 18.1.2. Податок за трошоците односно провизиите кои паѓаат на товар на запишувачот, односно купувачот

Нема никакви дополнителни трошоци, односно провизии кои паѓаат на товар на запишувачот, односно купувачот, освен провизиите за платниот промет и провизиите кои што ги наплатува секоја овластена членка на берзата.

## 18.2. Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност предмет на понудата утврдени согласно правилата на овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и правилата на овластен депозитар каде се регистрирани хартиите од вредност на издавачот

### 18.2.1. Вкупна вредност на понудата

Вкупната продажна вредност на емисијата изнесува 927.500.000,00 денари.

**18.2.2. Временскиот период во кој понудата ќе биде отворена (датум на започнување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на завршување на рокот за запишување (ден, месец, година); датум на започнување на рокот за уплата (ден, месец, година); датум на завршување на рокот на уплата (ден, месец, година)) и опис на постапката на запишување и уплата на хартиите од вредност**

Постапката на запишувањето и уплатата на акциите ќе отпочне најдоцна во рок од 30 календарски дена од денот на приемот на Одобрението за издавање на акции од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Банката ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија на 28.01.2011 година. Истовремено, Банката ќе ги објави Проспектот и Поканата за запишување и уплата на хартиите од вредност на нејзината интернет страница, како и на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност.

Датумот на започнување на рокот за запишување и уплата на акциите е 14 календарски дена по објавата на Поканата за запишување и уплата на акциите, односно на 11.02.2011 година. Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на акциите е 15 дена од денот на започнувањето на запишувањето и уплатата на акциите, односно на 25.02.2011 година.

Постапката за запишување и уплата на акциите ќе се врши преку Македонската берза на хартии од вредност, а ќе се спроведе преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонската берза на хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонската берза на хартии од вредност (Одлука бр.02-2426/1 за усвојување на Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје и Решението бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година на Комисијата за хартии од вредност; Одлука бр.02-1599/1 од 16.12.2010 година за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Решение бр. УП1 08-180 од 30.12.2010 година на Комисијата за хартии од вредност и Одлука бр. 02-16/2 од 10.01.2011 година за постапување по Решението бр. УП1 08-180 од 30.12.2010 година на Комисијата за хартии од вредност) и Централниот депозитар за хартии од вредност (Правила за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр.23 од 07.12.2001 година; Одлука бр. 02-7055/1 од 06.12.2010 година за измени и дополнувања на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и Решение бр. УП1 08-161 од 24.12.2010 година на Комисијата за хартии од вредност).

Акциите се уплатуваат во пари, а уплатата се врши наеднаш.

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

При запишувањето секој купувач пополнува уписница која се дава истовремено со давањето на налогот за купување на хартии од вредност од јавната понуда на хартии од вредност кај овластен учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар и истата има правна важност од моментот на реализирање на налогот за купување.

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда треба да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

Проспектот за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје по пат на јавна понуда – VI-та (шеста) емисија се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје:

- Комерцијална банка АД Скопје – Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност;
- Илирика Инвестментс АД Скопје;
- Еурохаус АД Скопје;
- НЛБ Тутунска банка АД Скопје;
- Ауктори&Хита Брокери АД Скопје;
- Иново Брокер АД Скопје;
- ТТК банка АД Скопје;
- Инвестброкер АД Скопје;
- Алта Виста Брокер АД Скопје;
- Мој Брокер АД Скопје;
- Еуро Брокер АД Скопје;
- Нови Триглав АД Скопје;
- Стопанска банка АД Скопје;
- Пеон Брокер АД Скопје;

- Фершпед Брокер АД Скопје;
- Бро-Дил АД Скопје;
- Битола Брокер АД Битола;
- Охридска банка АД Охрид – Брокерски оддел;
- Поштел Брокер АД Скопје и
- Централна кооперативна банка АД Скопје.

Доколку пред истекот на рокот за запишување и уплата на акциите се запишат и уплатат 100% од понудените акции со VI-тата емисија, Банката ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана емисија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

По утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени акции од понудените или запишаните со јавната понуда се враќаат на купувачите на дневна основа.

### 18.2.3. Процентот на успешност, односно процентот на запишување и уплата на хартии од вредност за да јавната понуда се смета за успешна

Јавната понуда ќе се смета за успешно завршена доколку се запишат и уплатат најмалку 60% од понудените акции со VI-тата емисија.

### 18.2.4. Услови за затворање на јавната понуда

Банката ја затвора постапката на јавната понуда по завршување на предвидениот рок од 15 дена од денот на започнувањето на рокот за запишување и уплата на акциите, и доколку целиот износ на акции се уплатени и запишани пред истекот на 15 дена од денот на започнувањето на запишувањето.

### 18.2.5. Опис на условите под кои јавната понуда може да се прогласи за неуспешна и начинот на кој ќе им бидат вратени средствата на инвеститорите

Јавната понуда ќе се прогласи за неуспешна доколку во предвидениот рок не се запишат и уплатат 60% од акциите кои се предмет на јавната понуда. Доколку јавната понуда не успее, сите запишувања на обични акции се поништуваат и сите

примени уплати за обични акции, зголемени за депозитна камата утврдена согласно член 2 став 1 точка 12 од Законот за хартии од вредност, се враќаат најдоцна во рок од седум дена од денот на објавување на неуспешната јавна понуда.

### 18.2.6. Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените

При запишувањето и распределбата на запишаните обични акции се применува моделот на фиксна цена со примена на принципот на приоритет на порано време на внес на налогот во БЕСТ системот.

По утврдување на трансакциите, повеќе уплатените средства, по основ на повеќе уплатени акции од понудените или запишаните со јавната понуда, се враќаат на купувачите на дневна основа.

### 18.2.7. Доколку во актот за издавање на хартиите од вредност е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови се наведуваат податоците за најмалиот и/или најголемиот износ кој може да се запише и уплати

Во актот не е предвидено акциите да се продаваат во лотови.

### 18.2.8. Начин на плаќање на хартиите од вредност

Акциите се уплатуваат во пари. Плаќањето на акциите се врши во денари и согласно законската и подзаконската регулатива и правилата на Македонската берза на хартии од вредност (Одлука бр.02-2426/1 за усвојување на Правилата за тргување на Македонската берза АД Скопје и Решението бр.УП1 08-5 од 07.12.2009 година на Комисијата за хартии од вредност; Одлука бр.02-1599/1 од 16.12.2010 година за измени и дополнувања на Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Решение бр. УП1 08-180 од 30.12.2010 година на Комисијата за хартии од вредност и Одлука бр. 02-16/2 од 10.01.2011 година за постапување по Решението бр. УП1 08-180 од 30.12.2010 година на Комисијата за хартии од вредност) и Централниот депозитар за хартии од вредност (Правила за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје бр.23 од 07.12.2001 година; Одлука бр. 02-7055/1 од 06.12.2010 година за измени и дополнувања на Правилата за работа на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје и Решение бр. УП1 08-161 од 24.12.2010 година на Комисијата за хартии од вредност).

Уплатата се врши наеднаш. Средствата за купување на акциите купувачите ги уплатуваат на сметките на овластените правни

лица – членки на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје. Членките на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје, уплатените средства за запишување и купување на акции од VI-тата емисија, на дневна основа ги пренесуваат на посебната сметка во Комерцијална банка АД Скопје отворена за таа намена, на која се чуваат сите уплати од купувачите до завршувањето на јавната понуда.

### 18.2.9. Начин и време на настанување на правата од хартиите од вредност

Акциите кои се предмет на јавната понуда, по запишување на сметките на запишувачите во Централниот депозитар за хартии од вредност се преносливи и ги носат сите права и одговорности наведени во точка 17.3.2. во овој Проспект.

### 18.2.10. Начин и време на известување за исходот на јавната понуда

Банката ќе достави до Комисијата за хартии од вредност и во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија писмено известување за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда по истекот на рокот за реализација на јавна понуда на хартии од вредност, или по запишување и уплата на 100% од понудените акции, но не подоцна од 15 календарски дена од завршувањето на јавната понуда.

По уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар и по регистрацијата на хартиите од вредност во депозитарот за хартии од вредност, Банката веднаш, но не подоцна од 5 работни дена од уписот на хартиите од вредност во депозитарот за хартии од вредност ќе достави до Комисијата за хартии од вредност и во еден од дневните весници што излгуваат на територијата на Република Македонија известување за реализација на јавна понуда на хартии од вредност во форма и содржина утврдена со закон.

Известувањето за запишани и платени хартии од вредност од јавна понуда и известувањето за реализација на јавна понуда на хартии од вредност ќе бидат објавени и на интернет страната на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, како и на интернет страната на Банката.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

### 18.2.11. Податок дали согласно одлуката за издавање на акциите понудата е поделена на транши, односно е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори

Јавната понуда не е поделена во транши, односно не е сегментирана на делови резервирани за одделни групи на инвеститори.

### 18.2.12. Во рамките на сознанијата на издавачот, податок дали доминантните акционери кај издавачот или членовите на управниот и надзорниот одбор, односно одборот на директори, или на другите органи на издавачот имаат намера да запишат од понудените хартии од вредност или некое друго лице има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда

Согласно сознанијата на Банката, друштвото East Capital Explorer Investments AB Stockholm, Sweden (контролирано од East Capital Holding AB) има намера да запише повеќе од 5% од VI-тата емисија на акции, за што има добиено согласност од НБРМ.

### 18.2.13. Процес на известување на лицата кои запишале и уплатиле хартии од вредност за износот кој им следува

Овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност – членка на овластената берза и овластениот депозитар на секое лице кое запишало и уплатило хартии од вредност од јавната понуда треба да му достави извештај за склучување на трансакцијата во рок од два дена по денот на склучувањето. Доставувањето на извештајот се врши на начин договорен со клиентот.

Сите лица кои запишале и уплатиле хартии од вредност ќе бидат официјално известени по писмен пат од страна на Комерцијална банка АД Скопје за бројот на акции кој им следува, во рок од 7 дена од уписот на хартиите од вредност во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ АД

## 18.3. Пласман на хартиите од вредност

### 18.3.1. Податоци (назив, седиште, адреса и телефонски број) за овластена берза, преку која ќе се врши запишувањето на јавно понудените хартии од вредност, со која издавачот за тоа склучил договор и за овластените правни лица – членки на овластената берза и овластениот депозитар и времето во кое заинтересираните лица ќе може да запишат и купат хартии од вредност

Запишувањето на јавно понудените акции од VI-тата емисија ќе се врши преку Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, ул. Орце Николов бр.75, 1000 Скопје (тел. +389(2)3122055) - овластена берза со која Комерцијална банка АД Скопје склучи договор на 12.01.2011 година, заведен кај Издавачот под бр. 02-100-200-23 и заведен кај Македонската берза под бр. 03-52/1.

Во продолжение се дадени податоци за овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат акции од VI-тата емисија:

| Членка на Македонска берза АД Скопје | телефон |
|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје-Дирекција за вршење на услуги со хартии од вредност, Кеј "Димитар Влахов" бр. 4, 1000 Скопје | +389(2)3218218; +389(2)3218212; +389(2)3218228; +389(2)3218219; +389(2)3218213. |
| Илирика Инвестментс АД Скопје, ул. "Даме Груев" бр. 16, БЦ Палома Бјанка, мезанин, локал 1, 1000 Скопје и ул. "Туристичка" бр. 1/4, 6000 Охрид | +389(2)3296853; +389(2)3296854; +389(2)3296856. |
| Еурохаус АД Скопје, ул. "Даме Груев" бр. 5, зграда 1, влез 2, мезанин, 1000 Скопје | +389(2)3217095; +389(2)3217035. |
| НЛБ Тутунска банка АД Скопје, ул. "Водњанска" бр. 1, 1000 Скопје | +389(2)5100354; +389(2)5100352; +389(2)5100357; +389(2)5100387; +389(2)5100351 |

| | |
|---|---|
| Ауктори&Хита Брокери АД Скопје,<br>ул. "Партизански Одреди" бр. 43б/локал 5,<br>1000 Скопје | +389(2)3248980;<br>+389(2)3248981. |
| Иново Брокер АД Скопје,<br>бул. "Теодосиј Гологанов" бр. 60/1 кат 2,<br>1000 Скопје | +389(2)3120941;<br>+389(2)3110949. |
| ТТК банка АД Скопје,<br>ул. "Маршал Тито" бр. 16,<br>7000 Битола и<br>ул. "Народен Фронт" бр. 19а,<br>1000 Скопје | +389(47)226360;<br>+389(47)203691;<br>+389(2)3236400. |
| Инвестброкер АД Скопје,<br>ул. "Истарска" бр. 33,<br>1000 Скопје | +389(2)3110290;<br>+389(2)3110280;<br>+389(2)3103293. |
| Алта Виста Брокер АД Скопје,<br>бул. "Кочо Рацин" бр. 30 влез 2/2,<br>1000 Скопје<br>ул. "Јане Сандански" бр. 91/3,<br>1200 Тетово | +389(2)3217103 |
| Мој Брокер АД Скопје,<br>ул. "Вељко Влаховиќ" 1А/1-1,<br>1000 Скопје | +389(2)3221012;<br>+389(2)3221081;<br>+389(2)3221082. |
| Еуро Брокер АД Скопје,<br>ул. "Вељко Влаховиќ" 1/2-2,<br>1000 Скопје | +389(2)3215198;<br>+389(2)3215199;<br>+389(2)3298815. |
| Нови Триглав АД Скопје,<br>ул. "Партизански Одреди" бр. 62/2-9,<br>1000 Скопје | +389(2)3092740;<br>+389(2)3092743. |
| Стопанска банка АД Скопје,<br>бул. "11 Октомври" бр. 7,<br>1000 Скопје | +389(2)3295405;<br>+389(2)3295406;<br>+389(2)3295407. |
| Пеон Брокер АД Скопје,<br>ул. "Коле Неделковски" 50, локал бр. 2,<br>1000 Скопје | +389(2)3203850;<br>+389(2)3203840;<br>+389(2)3203841;<br>+389(2)3203845. |
| Фершпед Брокер АД Скопје,<br>ул. "Маршал Тито" бр. 11а,<br>1000 Скопје | +389(2)3219333;<br>+389(2)3219310;<br>+389(2)3219309. |
| | |

| | |
|---|---|
| Бро-Дил АД Скопје,<br>ул. "27-ми Март" бр. 5/4,<br>1000 Скопје | +289(2)3298850;<br>+389(2)3298851;<br>+389(2)3298852;<br>+389(2)3203163. |
| Битола Брокер АД Битола,<br>ул. "Васко Карангелески" бб, Реонски пазар,<br>кат 1, локал 29,<br>7000 Битола | +389(47)258830 |
| Охридска банка АД Охрид-Брокерски оддел,<br>Народен фронт 19,<br>1000 Скопје | +389(2)3216250;<br>+389(2)3222902. |
| Поштел Брокер АД Скопје,<br>ул.27-ми Март бб, Мал ринг, до х.Јадран,<br>1000 Скопје | +389(2)3224300;<br>+389(2)3103210;<br>+389(2)3103211;<br>+389(2)3103200. |
| Централна кооперативна банка АД Скопје,<br>Градски стадион бб,<br>1000 Скопје | +389(2)3249360;<br>+389(2)3249361;<br>+389(2)3249362 |

**18.3.2. Податок дали издавачот склучил договор со овластено правно лице за вршење на услуги со хартии од вредност за вршење на трансакции и активности за сметка на издавачот потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност. Доколку обврската за задолжителен откуп не се однесува на целата емисија да се даде изјава за делот од емисијата кој не е покриен.**

Комерцијална банка АД Скопје нема склучено договор со овластено правно лице за вршење услуги со хартии од вредност, за вршење на трансакции и активности за нејзина сметка потребни за успешна јавна понуда на хартии од вредност со задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност или без задолжителен откуп на непродадените хартии од вредност.

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ

## 19. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА

**Податок за тоа дали и кога издавачот ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластена берза**

Комерцијална банка АД Скопје ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластената берза, по успешното завршување на јавната понуда.

## 20. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТОТ

Емисијата нема гарант. Проспектот се однесува на сопственичка емисија на хартии од вредност во која издавачот се јавува како единствен исполнувач на обврските од хартиите од вредност.

## 21. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ

### 21.1. Изјава за достапност на документите

Изјавуваме дека за време на важноста на овој Проспект следниве документи, односно копии од истите ќе бидат на увид:

(а) Статутот на издавачот;

(б) Ревидирани финансики извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години (2007 година – Прилог бр.1, 2008 година – Прилог бр.2 и 2009 година – Прилог бр.3);

(в) Неревидирани финансиски извештаи за 30.06.2010 година (Прилог бр.4) и 30.09.2010 година (Прилог бр.5);

(г) Програма на мерки и активности на деловната политика и финансиски план на Комерцијална банка АД Скопје за 2010 година (Прилог бр.6) и

(д) Развоен план на Комерцијална банка АД Скопје со финансиски проекции за периодот 2010-2014 година (Прилог бр.7).

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА СКОПЈЕ 03

## 21.2. Податок за местото каде може да се изврши увид во документите

Увид во документите може да се изврши на интернет страната на Банката – www.kb.com.mk и во просториите на овластените правни лица – членки на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, преку кои заинтересираните лица ќе можат да запишат и купат акции од VI-тата емисија.

**Членови на Управен одбор:**

**Хари Костов**
– Главен извршен директор

**Илија Илоски**
– Главен оперативен директор

**Маја Стевкова Штериева**
– Главен финансов директор

**Членови на Надзорен одбор:**

**Сава Димитрова**
– Претседател

**Таки Фити**
– Заменик претседател

**Звоне Таљат**
– Член

**Кијоши Нишимура**
– Член

西村 潔 西村潔

**Алеко Ангеловски**
– Независен член

**Симон Наумоски**
– Независен член